# СЛУ[...]
## НА СОЦИЈАЛИСТИ[...]

1830 Službeni vesnik SR Makedonije 91001 Skopje fah 51

2

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

БРОЈ 79 ГОД. XLIII

... – Редакција Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756


**1025.**

Врз основа на член 48 од Законот за основите на системот за осигурување на имоти и лица („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/76), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈНИСКИТЕ ОСИГУРЕНИ СУМИ НА КОИ МОРА ДА СЕ ДОГОВОРИ ОСИГУРУВАЊЕ ПО ЕДЕН ПАТНИК ВО ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ

1. Во Одлуката за определување на најниските осигурени суми на кои мора да се договори осигурување по еден патник во јавниот превоз од последици на несреќен случај („Службен лист на СФРЈ", бр. 62/81, 67/84 и 24/86) во точка 1 одредба под 1 бројот: „300.000" се заменува со бројот: „600.000".

Во одредбата под 2 бројот: „600.000" се заменува со бројот: „1.200.000".

Во одредбата под 3 бројот: „150.000" се заменува со бројот: „300.000".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 386
30 септември 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич,** с. р.

**1026.**

Врз основа на член 54 од Законот за заштита на пронајдоци, технички унапредувања и знаци за разликување („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/81), на предлог од Сојузниот завод за патенти, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСЕБНИТЕ ТРОШОЦИ НА ПОСТАПКАТА ЗА СТЕКНУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ ВО ВАЖНОСТ НА ПРАВАТА СО КОИ СЕ ШТИТАТ ПРОНАЈДОЦИТЕ И ЗНАЦИТЕ ЗА РАЗЛИКУВАЊЕ

1. Во Одлуката за посебните трошоци на постапката за стекнување и одржување во важност на правата со кои се штитат пронајдоците и знаците за разликување („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/82, 42/84, 62/85 и 21/87) во Тарифата на надоместите за објавување на патентни списи и податоци за пријавите на патенти и за правата со кои се штитат пронајдоците и знаците за разликување, која е составен дел на таа одлука, во тарифниот број 1 се вршат следните измени:

1) во алинеја прва бројот: „6.000" се заменува со бројот: „9.000",

2) во алинеја втора бројот: „6.600" се заменува со бројот: „9.900".

2. Во тарифниот број 2, во алинеја прва бројот: „100" се заменува со бројот: „150", во алинеја втора бројот: „100" се заменува со бројот: „150", во алинеја трета бројот: „1.300" се заменува со бројот: „2.000", а во алинеја четврта бројот: „900" се заменува со бројот: „1.350".

3. Во тарифниот број 3, во алинеја прва бројот: „100" се заменува со бројот: „150", во алинеја втора бројот: „630" се заменува со бројот: „1.000", а во алинеја трета бројот: „1.300" се заменува со бројот: „2.000".

4. Во тарифниот број 4 бројот: „2.350" се заменува со бројот: „3.500".

5. Во тарифниот број 5 бројот: „100" се заменува со бројот: „150".

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 413
22 октомври 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич,** с. р.

**1027.**

Врз основа на член 15 од Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/86, и 74/87), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА АМОРТИЗАЦИЈА НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ УТВРДЕНИ ВО БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1987 ГОДИНА

1. Во Одлуката за распоредување на средствата за амортизација на сојузните органи утврдени во Буџетот на федерацијата за 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/87) во точка 1 бројот: „1.674,483.000" се заменува со бројот: „2.331.483.000".

2. Точка 2 се менува и гласи:

„Средствата од став 1 на оваа одлука ќе ги користат следните органи и организации:

| | Динари |
|---|---|
| – Претседателството на СФРЈ | 15,000.000 |
| – Службата за репрезентативни објекти на Претседателството на СФРЈ | 14,801.251 |
| – Советот на федерацијата | 1,500.000 |
| – Сојузниот извршен совет | 81,595.789 |
| – Службата на Сојузниот извршен совет за одбранбени подготовки | 2,600.000 |
| – Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито" | 105,000.000 |
| – Уставниот суд на Југославија | 1,170.000 |
| – Сојузниот суд | 30,360.000 |
| – Сојузното јавно обвинителство | 1,500.000 |
| – Сојузното јавно правобранителство | 2,580.000 |
| – Сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето | 4,099.000 |
| – Сојузниот девизен инспекторат | 7,200.000 |
| – Сојузниот секретаријат за надворешна трговија | 4,500.000 |
| – Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи | 11,590.000 |

| | |
|---|---|
| – Сојузниот пазарен инспекторат | 4,260.000 |
| – Сојузниот завод за цени | 1,500.000 |
| – Сојузниот секретаријат за правосудство и организација на сојузната управа | 14,700.000 |
| – Заводот за информатика на сојузните органи | 263,000.000 |
| – Сојузниот комитет за енергетика и индустрија | 4,000.000 |
| – Сојузниот комитет за земјоделство | 14,000.000 |
| – Сојузната управа за радио-врски | 180,000.000 |
| – Сојузниот воздухопловен инспекторат | 5,500.000 |
| – Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита | 8,810.000 |
| – Сојузното биро за работи на вработувањето | 2,800.000 |
| – Сојузниот комитет за законодавство | 3,000.000 |
| – Сојузниот комитет за наука и технологија | 14,423.318 |
| – Сојузниот комитет за туризам | 10,946.196 |
| – Сојузниот завод за општествено планирање | 34,000.000 |
| – Сојузниот завод за статистика | 110,500.000 |
| – Сојузниот завод за меѓународна научна-просветно-културна и техничка соработка | 1,500.000 |
| – Сојузниот хидрометеоролошки завод | 350,000.000 |
| – Сојузниот завод за стандардизација | 29,380.000 |
| – Сојузниот завод за патенти | 56,451.000 |
| – Сојузниот завод за мери и скапоцени метали | 300,666.375 |
| – Сервисот за давање услуги за потребите за репрезентација на сојузните органи | 33,430.000 |
| – Сервисот за давање услуги за општествена исхрана за потребите на работниците на сојузните органи | 42,085.000 |
| – Авио-сервисот на сојузните органи | 90,000.000 |
| – Сервисот за финансиско материјални работи на сојузните органи на управата и сојузните организации | 63,285.337 |
| – Сервисот за биротехнички работи на сојузните органи на управата и сојузните организации | 85,240.534 |
| – Управата на деловните згради на сојузните органи | 199,000.000 |
| – Авто-сервисот на сојузните органи | 115,508.749 |
| – Службата за работи на преведувањето | 10,000.000 |

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 420
19 ноември 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Милош Милосављевиќ**, с. р.

## 1028.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за здравствената исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/78 и 58/85), во согласност со Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи и Сојузниот комитет за земјоделство, Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОЛИЧИНИТЕ НА ПЕСТИЦИДИ И ДРУГИ ОТРОВНИ МАТЕРИИ, ХОРМОНИ, АНТИБИОТИЦИ И МИКОТОКСИНИ КОИ МОЖАТ ДА СЕ НАОЃААТ ВО ЖИВОТНИТЕ НАМИРНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за количините на пестициди и други отровни материи, хормони, антибиотици и микотоксини кои можат да се наоѓаат во животните намирници („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/83) во член 9 по зборовите: „хормони" се додаваат зборовите: „и супстанции со хормонално дејствување".

Член 2

По член 10 се додаваат чл. 10а, 10б и 10в, кои гласат:

„Член 10а

Млеко и производи од млеко, месо и производи од месо, јајца и производи од јајца, слатководни риби, мед и други намирници од животинско порекло, можат да се пуштаат во промет ако не содржат остатоци на сулфонамиди во количини поголеми од 0,10 mg/kg.

Член 10б

Пресна морска риба не смее да содржи повеќе од 20 mg хистамин на 100 g рибино месо.

Замрзната морска риба, рибини конзерви и пастеризирани полуконзерви не смеат да содржат повеќе од 40 mg хистамин на 100 g рибино месо.

Член 10в

Полихлорирани бифенили не смеат да содржат

1) млекото и млечните производи (на содржина на маст) повеќе од 1,0 mg/kg;

2) живината и другите видови месо (свинско, говедско, овчо) и нивните производи (на содржина на маст) повеќе од 2,0 mg/kg;

3) јајцата (без лушпа) повеќе од 0,3 mg/kg;

4) рибите, школките, раковите и мекотелите (делот за јадење) повеќе од 3,0 mg/kg."

Член 3

Во член 11 се додава став 2, кој гласи:

„Млекото и млечните производи несмеат да содржат алфатоксин $M_1$ повеќе од 0,5 ml/kg".

Член 4

Во Табела I – Дозволени колични на пестициди во намирниците – се менува текстот со следните редни броеви така што гласи:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 6 | AMITRAZ | N-metilbis (2,4-ksililiminometil) amin | 0,2<br>0,05 | овошје<br>соја, зеленчук |
| 8 | ATRAZIN | 2-hloro-6-etil-amino-4-izopropilamino 1,4,5-triazin | 0,03<br><br>0,1<br>0,5<br>0,02 | млеко и производи од млеко (на содржина на маст)<br>овошје и зеленчук<br>пченка<br>месо, производи од месо (на содржина на маст) и јајца (без лушпа) |
| 18 | BINAPAKRIL | 2-sec-butil-4,6-dinitro-fenil-3-metil-krotonat | 0,3 | овошје |
| 31 | CIPERMETRIN | (RS)-alfa-ciano-3-fenoksibenzil (1RS)-cis, trans-3-(2,2-dihlorovinil)-2,2-dimetilciklopropankarboksilat | 0,5 | овошје и зеленчук |
| 37 | ДДТ и деривати | 1,1,1-trihlor-2,2-bis(4-hlorfenil) etan | 0,5<br><br>2,0<br><br><br>0,5<br><br><br>1,0<br>0,1<br>0,03<br>0,01<br>0,1 | млеко и производи од млеко (на содржина на маст)<br>масла од растително потекло (нерафинирани и рафинирани) и нивни производи (на содржина на маст)<br>месо (говедско, свинско, овчо, живинско и производи од месо (на содржина на маст)<br>дивеч и риба (на содржина на маст)<br>јајца (без лушпа) и производи од јајца<br>жита<br>преработки од жита<br>овошје, зеленчук и други намирници |
| 38 | DELTAMETRIN (DEKAMETRIN) | (S)-alfa-ciano-3-fenoksibenzil(1R)-cis-3-(2,2-dibromvinil)-2,2-dimetilciklopropankarboksilat | 0,1<br><br><br>0,2 | овошје и зеленчук (освен зелка)<br><br><br>зелка и зелкаст зеленчук |
| 54 | 3,6-DCP | 3,6-dihlorpikolinska kiselina | 0,3<br>0,2<br>0,1 | жита (зрно на пченица и јачмен)<br>маслодајна репка<br>пченка |
| 64 | DINOKAP | 2-(metil-heptil)-4,6-dinitrofenil krotonat | 0,1 | овошје и зеленчук |
| 82 | ETOPROFOS | 0-etil S,S-dipropil fosforoditioat | 0,02 | жита, соја и овошје |
| 87 | FENITROTION | 0,0-dimetil 0,4-nitro-m-tolil fosforotioat | 0,05<br><br>0,2<br>0,02<br><br>0,4 | млеко и производи од млеко (на содржина на маст)<br>домати<br>месо и производи од месо (на содржина на маст<br>други намирници |
| 92 | FENVALERAT | alfa-ciano-m-fenoksibenzil-alfa-izopropil-p-hlorfenil-acetat | 1,0<br>0,1<br>0,5 | овошје и грозје<br>маслодајна репка<br>други намирници |
| 97 | FOLPET | N-(trihlormetiltio) ftalimid | 10,0<br>15,0<br>5,0<br>2,0 | цитруси, јаболко,<br>овошје и зеленчук<br>домати<br>краставици, кромид, лубеница |
| 105 | FOSMET | 0,0-dimetil S-ftalimidometil fosforoditioat | 0,1<br>0,5 | компир<br>овошје и грозје |
| 107 | HCB | heksahlorbenzol | 0,05<br><br>0,01<br>0,05<br><br>0,005<br>0,3 | млеко и производи од млеко (на содржина на маст)<br>жита<br>месо и производи од месо (на содржина на маст)<br>производи од растително потекло<br>јајца (без лушпа) |
| 108 | HCH (Алфа- + Бета + Делта) | 1,2,3,4,5,6-heksahlorocikloheksan | 0,05<br><br>0,1 | млеко и производи од млеко (на содржина на маст)<br>месо (говедско, свинско, овчо, живинско дивеч), риба и нивни производи (на содржина на маст) |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| | | | 0,1 | јајца (без лушпа) и производи од јајца |
| | | | 0,03 | какао, без лушпа – прежно (на содржина на маст) |
| | | | 0,01 | какао во прав |
| | | | 0,05 | какао-маса, какао-путер, производи од какао (на содржина на маст) и кикиритки |
| | | | 0,3 | масла од растително потекло (нерафинирани и рафинирани) и нивни производи (на содржина на маст) |
| | | | 0,02 | жита |
| | | | 0,01 | преработки од жита |
| | | | 0,01 | овошје, зеленчук и други намирници |
| | | | 0,02 | пиварски слад |
| | | | 0,01 | пржено кафе |
| | | | 0,1 | чаеви и мирудии |
| 110 | HEPTAHLOR и HEPTAHLOREPOKSID | 1,4,5,6,7,8-heptahlor-3a 4,7,7a-tetrahidro-4,7-metancinden | 0,05 | млеко и производи од млеко (на содржина на маст) |
| | | | 0,1 | месо и производи од месо (на содржина на маст |
| | | | 0,05 | јајца (без лушпа) и производи од јајца |
| 114 | HLORDAN | 1,2,4,5,6,7,8 8-oktahlor--2,3a,3,4,7,7a-heksahidro-4,7-metanoinden | 0,05 | зеленчук |
| | | | 0,05 | месо и производи од месо (на содржина на маст) |
| | | | 0,02 | овошје и жита |
| 117 | HLORFENVINFOS (Алфа и Бета) | 2-hlor-1 (2,4-dihlorfenil)-vinil dietil fosfat | 1,0 | цитруси |
| | | | 0,4 | моркови |
| | | | 0,1 | зеленчук, компир, маслодајни растенија и шеќерна репка |
| | | | 0,05 | други намирници |
| 133 | KAPTAN | 1,2,3,6-tetrahidro-N-(trihlormetiltio) ftalamid | 50 | хмељ |
| | | | 5,0 | овошје и зеленчук |
| | | | 0,1 | други намирници |
| 138 | KARBOSULFAN | 2,3-dihlor-2,2-dimetil-7-benzoil-furanil (dibutil -amino) tiometilkarbamat | 0,1 | компир и пченка |
| 145 | LINDAN | 99% гама изомер 1,2,3,4,5,6-heksahlorcikloheksana | 0,1 | млеко и производи од млеко (на содржина на маст) |
| | | | 0,1 | месо (говедско, свинско, овчо, живинско) производи од месо (на содржина на маст) |
| | | | 0,5 | дивеч, риба и нивни производи (на содржина на маст) |
| | | | 0,05 | јајца (без лушпа) и производи од јајца |
| | | | 0,5 | масла од растително потекло (нерафинирани и рафинирани) и нивни производи (на содржина на маст) |
| | | | 0,05 | кикиритки |
| | | | 0,25 | какао-путер |
| | | | 0,1 | жита |
| | | | 0,05 | преработки од жита |
| | | | 1,0 | овошје и други намирници |
| 180 | OMETOAT | 0,0-dimetil S-metilkarbamoilmetil fosforotioat | 0,2 | овошје и зеленчук |
| | | | 0,05 | шеќерна репа и други на мирници |
| 199 | PROPIKONAZOL | cis/trans-1-(2,4-dihlorfenil)4-propil-1,3-dioksolan-2-il-metil/-1H--1,2,4,-triazol | 0,1 | жита |
| | | | 0,05 | грозје |
| 219 | TIABENDAZOL | 2-(4-tiazol-4-il) benzimidazol | 6,0 | цитруси |
| | | | 0,4 | банани (без корупка) |
| | | | 5,0 | компир |
| 229 | TRIHLORFON | dimetil-2,2,2-trihlor-1-hidroksietilfosfonat | 0,1 | овошје, зеленчук и жита |
| | | | 0,1 | млеко, месо и нивни производи (на содржината на маст) |
| | | | 0,5 | спанаќ и салата |
| | | | 0,05 | шеќерна репа |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 232 | VINKLOZOLIN | 3-(3,5-dihlorfenil)-5-metil-5-vinil oksazolidin-2,4-dion | 3,0<br>0,5<br>3,0<br>1,0 | јаготки, грозје<br>цреши<br>зеленчук<br>вишни, маслодајна репка, сончоглед |

Член 5

Во Тебела 1 – Дозволени количини на пестициди во намирниците по ред. број 232 се додаваат 18 нови редни броеви во колоните 2, 3, 4 и 5, кои гласат:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 233 | TRIADIMO | Beta-(4-hlorfenoksi)-alfa-(1,1-dimetiletil)-1H-1,2 4-triazol-1-etanol | 0,2 | краставици и жита |
| 234 | FENPROPATRIN | (RS)-alfa-cijano-3 0-fenoksibenzil-2,2,3,3-tetrametil-ciklopropankarboksilat | 0,5<br>0,2 | овошје, розје, домати<br>краставици |
| 235 | FLUAZIFOP BUTIL | butil-2/4-(5-triflorometil-2-piridiloksi) fenoksi/propionat | 1,0<br>0,5<br>0,2<br>0,1 | маслодајна репка, тутун<br>соја, салата, зелка, грашок, грав<br>морков, компир, кромид, домати, пиперки, сончоглед<br>овошје, грозје, шеќерна репа |
| 236 | TERBUFOS | S-terc.-butiltiometil-0,0-dietil-fosforoditioat | 0,1 | пченка, шеќерна репа |
| 237 | BENSULTAP | S-S'-/2-(dimetilamino) trimetilen/ bis (benzentiosulfonat) | 0,05 | компир |
| 238 | FENPROPIMORF | (±) -cis-4-/3-(4-terc-butilfenil)-2-metilpropil/-2,6-dimetilmorfolin | 0,2 | пченица и јачмен |
| 239 | ACIFLUORFEN NATRIJUM | natrijum 5-/2-hlor-4-(trifluormetil) fenoksi/-2-nitrobenzoat | 0,1 | соја |
| 240 | FENOKSAPROPETI | etil-2-/4-(6-hlor-2-benzo-ksazoliloksi) fenoksi/propionat | 0,05 | соја |
| 241 | FOMESAFEN | 5-/2-hlor-4-(trifluormetil) fenoksi-N-metil-sulfonil-2-nitrobenzamid | 0,01 | соја |
| 242 | HLORTALDIMETIL | dimetil-tetrahlortereftalat | 0,05<br>0,02<br>0,02 | зеленчук<br>јајца (без лушпа) и производи од јајца<br>месо и производи од месо (на содржина на маст) |
| 243 | METALAKSIL | metil-N-(2-metoksiacetil-N-(2,6-ksilil)-DL-alaminat | 0,05<br>1,0<br>0,1 | компир<br>грозје<br>други намирници |
| 244 | METAZAHLOR | 2-hlor-n-(pirazolil-1-ilmetil)acetat-2,6-ksilidid | 0,01 | маслодајна репка |
| 245 | ACIFLUORFEN | 5-/2-hloro-tri-alfa-trifluoro-p-toli-oksi/<br>-2-nitrobenzoeva kiselina | 0,1<br>0,02<br>0,02 | соја<br>млеко, месо и нивни производи (на содржина на маст)<br>јајца (без лушпа) |
| 246 | ALFAMETRIN | /1Rcis/S i /1Scis/R пар изомера alfa-ciano-3-fenoksibenzil-3-2,2-dimetilciklopropan karboksilat | 0,5<br><br>1,0<br>0,1 | грозје, овошје, маслнодајна репка и<br>нелистест зеленчук<br>листест зеленчук<br>пченка, компир, домати, краставици и шеќерна репа |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 247 | FLUCİTRINAT | /RS/alfa-ciano-3-fenoksi /S/ -2-/4-difluorometoksifenil/-3-metilbutirat | 0,05<br>0,2 | пченка<br>други намирници |
| 248 | OKSADIKSIL | 2-metoksi-N-2-okso-1,3-oksazolidin-3-il-acetat-2,6-ksilidid | 1,0<br>0,05 | тутун и грозје<br>компир |
| 249 | PIRIDAT | 6-hloro-3-fenilpiridazin-4-il S-oktil tiokarbamat | 0,2 | жита |
| 250 | PROPAMOKARB | propil 3-/dimetilamino/propilkarbamat | 3,0 | краставици |

Член 6

Во Табела III – Дозволени количини на отровни материи во намирниците изразени во mg/kg (1), се менува текстот на следните редни броеви, така што гласи:

| 1 | | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Какао-погача | 1,0 | 0,2 | | | | | 0,5 | 50 | | |
| 11 | Какао-прав | 0,5 | | | | | | 0,5 | 50 | | |
| 12 | Какао-зрно | 1,0 | | | | | | 0,5 | 70 | | |
| 20 | Месо<br>1) пресно<br>2) дроб | <br>0,5<br>1,0 | <br>0,1<br>0,5<br>1,0* | <br>0,03<br>0,1 | | | | <br>0,1<br>0,5 | <br><br>80** | | |
| 33 | Природна ракија<br>– ракија од овошје, грозје и специјална природна ракија | 0,5 | | | | 2 | 5 | | 10 | 10 | 2% метанол***<br>1,0 вкупни цијаниди***<br>0,15 етил-карбамат |
| | – жестоки алкохолни пијачки | 0,5 | | | | 2 | 5 | | 10 | 10 | 2% метанол***<br>1,0 вкупни цијаниди***<br>0,15 етил-карбамат |
| 41 | Вина | 0,3 | 0,1 | | | 5 | 5 | 0,2 | 1 | | 0,02% метанол<br>флуор 1,5<br>вкупни фенолни материи:<br>а) бело вино 0,5 g/l<br>б) розево вино 1,5 g/l<br>в) црно вино 4 g/l |

Член 7

Во Табела III – Дозволени количини на отровни материи во намирниците изразени во mg/kg (l) по број 45 се додаваат три редни броја кои гласат:

| 1 | | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 46 | Јајца | 0,25 | 0,005 | 0,05 | | | | 0,1 | | | |
| 46а | Производи од јајца | 0,25 | 0,01 | 0,05 | | | | 0,1 | | | |
| 47 | Оцет | 0,3 | 0,1 | | | | 5 | 0,2 | | | |

* Во бубрезите
** Во црниот дроб
*** Сметано на зафатнински процент на алкохол

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 307
26 октомври 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за труд,
здравство и социјална заштита,
д-р **Јанко Обочки**, с. р.

**1029.**

Врз основа на член 265 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/86), претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЗАГРОЗУВАЊЕТО НА БЕЗБЕДНОСТА НА ВОЗДУХОПЛОВИ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат: составот и работата на Комисијата за испитување на загрозувањето на безбедноста на водухоплови (во натамошниот текст: Комисијата за безбедност), начинот на испитување на загрозувањето на безбедноста на југословенски и странски воздухоплови во воздушниот простор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и начинот на изработка на комисиски извештај за загрозување на безбедноста на воздухоплови.

Член 2

Комисијата за безбедност ги испитува околностите под кои дошло до загрозување на безбедноста на воздухоплови, ги утврдува причините и предлага мерки за отстранување и спречување на нови опасности.

Член 3

Пред почетокот на работата на Комисијата за безбедност кога е неопходно спрема лицата што довеле до загрозување на безбедноста на воздухоплови, итно да се преземат пропишаните мерки секретарот на Комисијата за безбедност за тоа веднаш го известува Сојузниот воздухопловен инспекторат.

Член 4

Пријава за загрозување на безбедноста на воздухоплови се поднесува до Комисијата за безбедност, по правило, во писмена форма, на пропишан образец (прилог бр. 1), кој е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

Лицето што учествувало во загрозувањето на безбедноста на воздухоплови веднаш за тоа ќе го извести непосредниот раководител или Комисијата за безбедност.

Обрасците од став 1 на овој член ги обезбедува Комисијата за безбедност во доволен број и им ги доставува, по правило, на сите субјекти што можат да учествуваат или да узнаат за загрозувањето на безбедноста на воздухоплови.

Член 5

Комисијата за безбедност ја сочинуваат претседател, заменик на претседател и членови на Комисијата.

Комисијата за безбедност од редовите на своите членови именува секретар на Комисијата.

Член 6

Веднаш по узнавањето за загрозувањето на воздухолови, секретарот на Комисијата за безбедност собира материјал неопходен за работа на Комисијата.

Комисијата за безбедност започнува со работа во седници по комплетирањето на собраниот материјал, а најдоцна 30 дена од денот кога дошло до загрозување на безбедноста на воздухоплови.

Членовите на Комисијата за безбедност, по правило, со поканата за седница ги добиваат сите неопходни материјали, најдоцна 10 дена пред закажувањето на седницата.

Член 7

Заклучоците на Комисијата за безбедност се полноважни кога ги донесува мнозинството од присутниот број членови на Комисијата.

Комисијата за безбедност полноважно ќе одлучува и ако во работата учествувале членови на Комисијата од определени стручни специјалности, зависно од видот на загрозување на безбедноста на воздухоплови.

Член 8

Претседателот на Комисијата за безбедност може, по согледувањето на случајот, во подготвувањето на седницата да ангажира и други стручни лица кои на седниците имаат право на учество во расправата.

Комисијата за безбедност може на седница на Комисијата да повика и други лица потребни за испитување на загрозувањето на воздухоплови (учесници, очевидци, сведоци и др.).

Член 9

Со работата на седницата на Комисијата за безбедност раководи претседателот на Комисијата, односно неговиот заменик или, по исклучок, член на Комисијата за безбедност што во случај на потреба ќе го определи претседателот на Комисијата.

Врз основа на анализа на собраниот материјал, уводен реферат на седницата на Комисијата за безбедност, по правило, поднесува секретарот на Комисијата.

На седниците на Комисијата за безбедност се води записник кој содржи предлози на мерки и кој по седницата го потпишуваат сите присутни членови.

Член 10

Претседателот ја потпишува и со свој параф ја заверува секоја страна од Извештајот на Комисијата за безбедност.

Потпишаниот извештај со записниците од седниците на Комисијата за безбедност и со другите прилози се заверува со посебен печат на Комисијата за безбедност.

Член 11

Секој член на Комисијата за безбедност има право да го издвои своето мислење.

Членот на Комисијата за безбедност кој не ќе се согласи со донесениот заклучок или со одделни делови во комисискиот извештај, е должен писмено да ги изложи фактите и причините врз кои го заснова своето мислење, што претставува составен дел од Извештајот на Комисијата за безбедност за испитувањето на загрозувањето на безбедноста на воздухоплови.

Член 12

Извештајот на Комисијата за безбедност во оригинал со прилозите се чува, во архивата на таа комисија.

Увид во Извештајот на Комисијата за безбедност може да се изврши по претходно прибавено одобрение од претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски, а ако во загрозувањето учествувал и воен воздухоплов - и од сојузниот секретар за народна одбрана.

Член 13

Извештајот на Комисијата за безбедност содржи, особено:

1) податоци за местото, датумот и времето кога дошло до загрозување на безбедноста на воздухопловот, како и за учесниците во тоа загрозување;

2) опис на загрозувањето на безбедноста на воздухопловот;

3) постапки на учесниците во загрозувањето на безбедноста на воздухопловот;

4) околности под кои дошло до загрозување на безбедноста на воздухопловот;

5) предлог на мерки за спречување на нови загрозувања на воздухоплови.

Член 14

Комисијата за безбедност кон крајот на секоја календарска година издава билтен за испитувањето на случаите на загрозување на безбедноста на воздухоплови, без наведување на имињата на учесниците и го доставува до заинтересираните органи и организации на здружен труд во воздушната пловидба.

Член 15

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6930/1
12 ноември 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
**Мустафа Пљакиќ**, с. р.

## ПРИЈАВА ЗА ЗАГРОЗУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ВОЗДУХОПЛОВ
## AIRCRAFT INCIDENT REPORT

Исполнете го овој образец и испратете го до Комисијата за испитување на загрозувањето на безбедноста на воздухоплови во лет, СУКЛ, Бранкова 25/V, 11000 Белград

Complete this form and send it to Commission for Aircraft Incident Investigation, SUKL, Brankova 25/V, 11000 Beograd Yugoslavia

| Оддел I - ОПШТИ ПОДАТОЦИ<br>Section I - GENERAL INFORMATION | | |
|---|---|---|
| Вид на загрозување<br>Type of incident | A | |
| Име на водачот на воздухопловот<br>Name of pilot in command | B | |
| Превезувач<br>Operator | C | |
| Регистарски ознаки на воздухопловот<br>Identification markings of aircraft | D | |
| Тип на воздухопловот<br>Aircraft type | E | |
| Позивен знак и фреквенција во време на загрозувањето<br>Radio call sign-in communication with-frequency at time of incident | F | |
| Аеродром на полетувањето<br>Aerodrom of departure | G | |
| Аеродром на првото намерувано слетување<br>Aerodrom of first intended landing | H | |
| Вид на планот на летот<br>Type of flight plan | I | |
| Позиција во време на загрозувањето курс или рута - TAC<br>Position at time of incident - heading or route - TAS | J | |
| Ниво на летот, височина или релативна височина - дотерување на висиномерот - положба на воздухопловот<br>Flight level altitude or height - altimeter setting - attitude | K | |
| Метеоролошки услови во време на загрозувањето<br>Flight weather conditions at time of incident | L | |

| | | |
|---|---|---|
| Датум и време (ГМТ) на загрозувањето<br>Date and time (GMT) of incident<br>Пријавено преку радио<br>Reported by radio to .. | M | ........................<br>........................ |
| Оддел II - ДЕТАЉНИ ПОДАТОЦИ<br>Section II - DETAILED INFORMATION | | |
| Опис на другиот воздухоплов доколку е потребно<br>Тип, високо/нискокрилец, број на моторот, позивен знак, регистарски ознаки, боја, осветлување. Други корисни податоци<br>Description of other aircraft if relevant<br>Type, high/low wing, number of engines, call sign, registration markings, colour, lighting. Other available details | N | |
| Опис на загрозувањето. Доколку сметате за потребно, приложете коментар или сугестија, вклучувајќи го вашето мислење за веројатната причина на иницидентот (во случај на избегнување на судир, наведете ги соодветните патеки на летот, проценетите вертикални и хоризонтални растојанија во моментот на уочувањето на воздухопловот и при избегнувањето на судирот, како и акциите што ги презел секој воздухоплов)<br>Description of incident<br>If desired add comment or suggestion, including your opinion on the probable cause of the incident (in case of near-collision give information of respective flight paths, estimated vertical and horizontal sighting and miss distances between aircraft and avoiding action taken by either aircraft). | O | |

| | |
|---|---|
| Датум<br>Date................<br>Време<br>Time ...............<br>Место<br>Place ...............<br><br>на пополнувањето на пријавата<br>of completion of form | Функција и потпис на лицето што ја поднесува пријавата<br>Function and signature of person submitting report<br><br>........................<br>........................ |

**1030.**

Врз основа на член 80 ст. 1 и 2 од Законот за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/78 – Пречистен текст), Комисијата за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата одржана на 26 ноември 1987 година, откако доби известување дека Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ на седницата од 12 ноември 1987 година утврди дека на еден делегат од Социјалистичка Репулика Босна и Херцеовина му престанал мандатот на 6 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛЕН ИЗБОР ЗА ЕДЕН ДЕЛЕГАТ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ОД СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

1. Се распишува дополнителен избор за еден делегат во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Социјалистичка Република Босна и Херцеговина.

2. Дополнителниот избор ќе се одржи во сите собранија на општините во Социјалистичка Република Босна и Херцеговина од 20 декември 1987 година до 10 јануари 1988 година.

3. Денот на одржувањето на седница на собранието на општината на која ќе се изврши дополнителен избор на еден делегат во Сојузниот собор го определува претседателот на собранието на општината.

4. Роковите за вршење на изборните дејствија почнуваат да течат од 27 ноември 1987 година.

5. За спроведувањето на Одлуката ќе се грижи оваа комисија, Републичката изборна комисија и општинските изборни комисии од територијата на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина.

6. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 264
26 ноември 1987 година
Белград

**Комисија за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ**

Секретар,
**Мирко Михајловиќ, с. р.**

Претседател,
**Марко Глигоровиќ, с. р.**

**1031.**

Врз основа на член 226 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/86), во спогодба со сојузниот секретар за народна одбрана, претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски издава

## НАРЕДБА

### ЗА ВОЗДУШНИТЕ ПАТИШТА

1. Со оваа наредба се утврдуваат воздушните патишта во југословенскиот воздушен простор како и во воздушниот простор над Јадранското Море, надвор од територијалните води на Социјалистичка Федеративна Република Југославија до границите предвидени со меѓународните договори што ја обврзуваат Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

2. Во воздушниот простор од точка 1 на оваа наредба се утрдуваат воздушните патишта, и тоа:

| Ознака | Сегменти: Назив на местото (вид на радионавигационен уред на земјата или само знак за идентификација на точките што не се означени со радионавигациони уреди на земјата) |
|---|---|
| 1 | 2 |
| A4/UA4 | Граничниот коридор Суботица (KELEB) – Сремска Митровица (VOR) – Белград (VOR) – Топола (VOR) – граничниот коридор Димитровград (DIMIT) |
| A15/UA15 | Граничниот коридор Дравоград (RADLY) – Љубљана (VOR) – Илирска Бистрица (VOR) – Црес (NDB) – Лошињ (NBD) – граничниот коридор Мали Лошињ (KERAB) |
| A48/UA48 | Граничниот коридор Дубровник (CRAYE) – Дубровник (VOR) |
| A157 | Љубљана (VOR) – Штрмец (VALLU) |
| A482 | Граничниот коридор Дубровник (CRAYE) - граничниот коридор Улцињ (RODON) |
| B1 | Граничниот коридор Љубељ (TELŠI) - Љубљана (VOR) – Метлика (NBD) – Омарска (VOR) – Сараево (VOR) – Будисавци (VOR) – Прилеп (NBD) – граничниот коридор Козјак (TALAS) |
| UB1 | Граничниот коридор Љубељ (TELŠI) – Љубљана (VOR) – Омарска (VOR) – Сараево (VOR) – Будисавци (VOR) – Прилеп (NDB) – граничниот коридор Козјак (TALAS) |
| B4 | Граничниот коридор Димитровград (DIMIT) – Александровац (NDB) – Сараево (VOR) |
| UB4 | Граничниот коридор Умаг (ROTAR) – Пула (VOR) – Задар (VOR) и Граничниот коридор Димитровград (DIMIT) – Александровац (NDB) – Сараево (VOR) |
| B5/UB5 | Граничниот коридор Олшево (KLAGY) – Загреб (VOR) – Дервента (VOR) – Валево (VOR) – Александровац (NDB) – Врање (NDB) – граничниот коридор Дојран (RUGAS) |
| B9 | Граничниот коридор Шентиљ (GOLVA) – Загреб (VOR) – Омарска (VOR) – Сплит (VOR) |
| UB9 | Граничниот коридор Шентиљ (GOLVA) – Загреб (VOR) – Омарска (VOR) – Сплит (VOR) – граничниот коридор Дубровник (CRAYE) |
| B25/UB25 | Граничниот коридор Сплит (TORPO) – Сплит (VOR) |
| B48 | Граничниот коридор Ватин (MAVIT) – Пожаревац (NDB) – Лозовик (POZAR) |
| B54 | Омарска (VOR) – Дервента (VOR) – Сремска Митровица (VOR) |
| UB54 | Омарска (VOR) – Дервента (VOR) |
| B92/UB92 | Омарска (VOR) – Дубровник (VOR) |
| UB95 | Граничниот коридор Јесенице (YESEN) – Сплит (VOR) UB95 се користи само по одобрение на контролата на летањето |
| B103/UB103 | Граничниот коридор Језерско (BERTA) – Љубљана (VOR) |
| G16/UG16 | Сараево (VOR) – Гацко (NDB) – Никшиќ (NDB) – Титоград (VOR) |
| G18/UG18 | Граничниот коридор Валандово (DISOR) – Будисавци (VOR) – Валево (VOR) |
